Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА“ А.Д.
Бр. 02-1185/3
Прилеп, 09.08 2021 год.

Врз основа на член 370 од Законот за трговските друштва, член 86 од Статутот на П.И.„Витаминка“ АД Прилеп (во понатамошниот текст: Друштвото), одредбите од Деловникот за работа на Одборот на директори на Друштвото, а во врска со член 41 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 42/2020), Одборот на директори на Друштвото, на својата осма редовна седница, одржана на ден 09.08.2021 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА бр. 2 / 8 / 2021-О.Д.

*(за определување офицер за заштита на лични податоци)*

Член 1

Се определува овластено лице за заштита на личните податоци на Друштвото (Офицер за заштита на личните податоци.

Член 2

За офицер за заштита на личните податоци се определува лицето Верица Петреска, вработена во друштвото, распоредена на работно место: Администратор за човечки ресурси.

Член 3

Офицерот за заштита на личните податоци е должен да ги врши работите предвидени во член 43 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 42/2020).

Член 4

Контакт податоците на Офицерот за заштита на личните податоци ќе се објават на официјалната интернет страница на Друштвото и за неговото именување ќе се извести Агенцијата за заштита на личните податоци.

Член 5

Со донесувањето на оваа Одлука се става вон сила Одлуката за назначување на офицер за заштита на лични податоци бр. 03-412/3 од 08.03.2017 година, донесена врз основа на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Р.С.М. бр. 7/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018).

Член 6

Оваа Одлука стапува на сила и ќе се применува од денот на нејзиното донесување.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ:

1. Симон Наумоски, Неизвршен член на Одбор на Директори- Претседател,

___________________________________________

2. Сашо Наумоски, Извршен член на Одбор на Директори – Генерален извршен директор,

___________________________________________

3. Благоја Ѓорѓијовски, Неизвршен член на Одбор на Директори,

___________________________________________

4. Горан Рафајловски, Неизвршен – независен член на Одбор на Директори,

___________________________________________

5. Марјан Бојаџиев, Неизвршен – независен член на Одбор на Директори

___________________________________________